ДО
МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД - СКОПЈЕ

Комерцијална банка АД Скопје 300020000015846
Стопанска банка АД Скопје 200000780349181
Шпаркасе банка Македонија АД Скопје 250029000390908
ЕДБ: МК4021991109104
Поштенски фах 268
ул. „Цане Кузманоски“ бр. 1
7500 Прилеп, Р. Македонија

**Прилеп, 30.10.2020г.**

Прилепска Пиварница АД – Прилеп, согласно обврската од гл.VI од Правилата за котација, преку СЕИ-НЕТ, го објави Финансискиот извештај - Биланс на успех заклучно со третото тримесечие од 2020 год. Во финансискиот извештај веродостојно се искажани деловните промени во работењето на друштвото и постигнатите резултати од работењето за што го објавуваме следното:

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
кон постигнатите резултати за период јануари – септември 2020 година

Прилепска Пиварница АД – Прилеп во работењето за период 01.01. до 30.09.2020 год. оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидиран Биланс на успех.

а) Сметководствени политики и методи на вреднување

Во 2020 год. во Прилепска Пиварница АД Прилеп во целост се спроведувани сметководствените политики и методите на вреднување кои се применувани и во 2019 год. при што не се евидентирани промени во сметководствените политики и проценки, ниту во методите на вреднување на позициите во финансиските извештаи.

б) Остварени вкупни приходи

Во периодот 01-09 мес 2020 год. остварен е оперативен приход во износ од 1.293.626 илјади ден., а кој во споредба со остварениот оперативен приход во истиот период од 2019 год. покажува помало остварување односно остварувањето е 87%. Остварените финансиски приходи во 2020 год. во износ од 14.871 илјади ден. во споредба со остварените финсиски приходи во истиот период од 2019 год. покажуваат помало остварување односно остварувањето е 78%.
Во структурата на приходите позначително учество има приходот од продажба на производи и стоки на домашен пазар во износ од 1.263.956 илј. ден. и во споредба со ланскиот период има реализација од 87,0%, додека останатите оперативни приходи се остварени во износ од 15.220 илј. ден. и кои во споредба со ланскиот период покажуваат реализација од 147%.

в) Остварени вкупни расходи

Остварените вкупни оперативни расходи во период 01 до 09 мес 2020 год. изнесуваат 1.154.116 илј.ден. и во споредба со остварените во истиот период од 2019 год. бележат намалување и се остварени во процент од 79%. Во вредноста на оперативните расходи и во намалувањето на оперативните расходи ( заштедите) поодделно по вредност и процент значително учествуваат следните расходи:

- трошоците за суровини и материјали се остварени во вредност од 501.142 илј.ден. или остварување од 90% споредено со истиот лански период, односно намалување за 10%,
- услугите со карактер на материјални трошоци се реализирани во вкупен износ од 123.580 илј.ден. односно со намалување од 4%,
- останатите трошоци од работењето изнесуваат 68.427 илј. ден. односно констатирано е намалување на тој трошок со реализацијата од 38%,
- трошоците за вработените односно бруто платите се остварени во износ од 111.963 илј. ден. и истите се со остварување од 98% споредено со истиот период од минатата година. Неостварувањето на исплатените плати, кое е во незначителна вредност, во споредба со лани е во многу помал износ и во многу помал процент отколку падот на приходите/реализацијата во годинешниов период спореден со лани, односно Друштвото вложувањето во вработените не го намалува и го одржува и понатаму,
- амортизацијата е тековно пресметувана и ставена е на трошок во вредност од 133.632 илј. ден. при што заклучно со извештајниов период забележано е намалување на трошокот за амортизација за 8% споредено со истиот период во ланската година, а се должи на поголема вредност на доамортизирање на дел од досегашните основни средства во однос на помала вредност на пресметана амортизација во 2020 год. на вредноста на новите инвестиции во постројки/опрема за производство на производи и во градежни објекти.

г) Инвестиции ( вложувања во недвижности, постројки,опрема)

Во текот на 2020 год. Друштвото го продолжи позитивниот инвестициски циклус со инвестициско вложувања и ставање во употреба со вкупна набавна вредност од 169.522 илј.ден. и во тековниот период веќе е отпочнато пресметувањето на амортизација на новите инвестициски вложувања.

д) Финансиски резултат, исполнувања, планови и очекувања

Менаџментот на Прилепска Пиварница АД Прилеп, имаќи ги во предвид настаните со појавата на Ковид вирусот и сите реперкусии во стопанскиот и општествениот живот поради тоа, уште при крајот на првиот квартал донесе нов план и буџет во кои беа инкорпорирани новонастанатите услови за работа. Во тој контекст треба да се разгледуваат и постоечките резултати од работењето, а не само во споредбена анализа со резултатите од минатата година. Ако се споредат резултатите со планот за работа можи да се каже дека во целост е исполнет планот дури во делот на остварената добивка е и натфрлен, и се очекува до крајот на годината да се продолжи во истиот правец. Со оглед на околностите во кои работиме, жестината со која Ковид вирусот напаѓа и од ден на ден, со почеток на четвртиот квартал, се бележат се повеќе заболени, за очекување е дека нема да се остварат резултатите во приходната страна на ниво од ланската година но во исто време менаџментот превзема мерки да ги балансира расходите на оптимално ниво. За очекување е дека на крајот од годината ќе биде постигната далеку поголема добивка од работењето во споредба со ланската година ,впрочем како што тоа го презентираме и со добивката заклучно со третиот квартал од 2020 год. Имено, за трите квартали од оваа година Прилепска пиварница АД оствари позитивен финансиски резултат од 145.411 илј.ден. и во однос на резултатот во истиот период од 2019 год. од 40.187 илј.ден. покажува остварување од 362%, а што е видно од објавениот финансиски извештај.

Прилеп, ПРИЛЕПСКА ПИВАРНИЦА АД ПРИЛЕП
30.10.2020 год.

*www.prilepskapivarnica.com.mk* *e-mail: pripiv@mt.net.mk*
Телефони: (048) 421-450, 421-451, факс: (048) 426-551